# МОНИТОРИНГ НА ЛИДЕРСТВО

## Извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија во периодот:

- септември 2006 – мај 2007
- јуни и јули 2007

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

B | T | D
The Balkan Trust for Democracy

# Области:

- ФИСКАЛНА И МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА
- ТРГОВСКА, ИНДУСТРИСКА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА
- ФИНАНСИСКИ И ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ
- ЕКОНОМИЈА НА ЗНАЕЊЕ
- ОБРАЗОВАНИЕ
- СПОРТ
- ЗЕМЈОДЕЛСТВО
- НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
- ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ПРАВДА
- ЗДРАВСТВО
- ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

# Методологија

Методологијата која се користи при подготвувањето на извештаите од проектот „Мониторинг на лидерство“ во себе ги вклучува следниве елементи, постапки и алатки:

- **Изработка на Системска матрица за мониторинг базиран на перформанси.**
- **Идентификација на планирани иницијативи, коишто согласно Системската матрица треба да бидат во процес на имплементација во периодот на известување.**
- **Изработка на Прашалник за собирање информации за степенот на имплементација на планираните иницијативи.**
- **Интервјуа со претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.**
- **Анализа на собраните податоци.**
- **Изработка на Оценка за ризик од недоволна или неквалитетна имплементација.**
- **Изработка на извештај за прогресот на имплементацијата на планираното.**

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

# Методологија

- Овој извештај се фокусира на реализираните активности во набљудуваниот и анализираниот период и на работите што треба да се реализираат.

- Секој од експертите коишто известуваат за мониторингот дава свое мислење за реализираните работи и за она што останува да се реализира, со давање на определени препораки во таа насока.

Изнесените констатации и оценки се изведени врз основа на:

- информациите прибрани од прегледот на достапните пишани материјали и документи,
- интервјуата со експерти и со одговорни лица во соодветните институции.

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

# Методологија

- Овој извештај е структуиран така да вниманието го фокусира во следниве насоки (кои се главните компоненти на извештаите на експертите во структуролошки поглед):

- Имплементираните активности во периодот на известувањето;

- Изнаоѓање одговор на прашањето: Што останува да се имплементира, т.е. што не е имплементирано или не е доработено;

- Оценување на ризикот од неимплементацијата на одредени постапки или недоволната квалитетна имплементација; и

- Општи експертски оценки за периодот на известување.

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

# Општи наоди

- Владата на Република Македонија во периодот септември 2006 – мај 2007 има започнато со имплементација на повеќе задачи наведени во Програмата за работа на Владата 2006-2010.

- Но, со оглед на тоа дека голем дел активностите за имплементација се во тек и не се заокружени, туку се само отпочнати, резултатите од активностите останувaат да бидат оценувани континуирано.

- Активностите од другите области, како на пример приближувањето на македонското законодавство кон она на ЕУ продолжуваат според планираното.

- Новата Влада прифати обврска на многу реформи, но ја има истакнато и определбата за нивно имплементирање.

# Општи наоди

- И покрај постигнатите реформи на Владата и донесените закони во овие сектори сеуште е рано да се зборува за одреден ‘*feedback*’ од имплементацијата на законите иако се чувствуваат позитивни ефекти од донесувањето на  некои закони.
- Интегрирањето на Република Македонија во Европската Унија значи развој и реформи  во економијата.
- Со извршените измени во даночната политика, РМ стана земја со најниски даноци во Европа.
- Во функција на поддршка на монетарната политика Владата превзема повеќе активности за намалување на готовите пари во оптек, а со тоа и на обемот на “сивата” економија.
- Со владина одлука до март 2007 година, исплатување на платите на вработените во државната администрација започна преку платежни картички.

# Општи наоди

- И во месеците јуни и јули 2007 година Владата на РМ продолжи со започнатите реформи, истовремено истакнувајќи ја и определбата за нивно имплементирање.

- Во рамките на овој реформаторски процес, Владата на РМ и соодветните надлежни институции продолжија да преземаат низа мерки со кои беше продолжена претходно започнатата реализација на одредени активности, но беа започнати и други активности што произлегуваат од Програмата за работа на Владата на РМ во нејзиниот мандатен период 2006-2010 година.

- Некои од активностите се одвиваат солидно во јуни и јули 2007, според предвидените агенди, во некои има намалување на интензитетот и пропусти кои може да бидат кочница не само за себе, туку и за други сродни работи, но генерален е впечатокот дека Владата е резолутна и има желба и енергија да ги истера работите успешно до крај.

# Општи наоди

- Некои од планираните активности во јуни и јули не беа реализирани во утврдените рокови, така што останува нивната реализација да се одвива во престојниот период:

- донесување на закони за изменување и дополнување на законите на УЈП, даночната постапка, Народна банка на Република Македонија, за девизно работење, Царинскиот закон, Законот за чек (со кој ќе се направи обид да се реафирмира важноста на чекот како инструмент за безготовинско плаќање) и др.

- Сите тие закони се подготвени и ставени во процедура за донесување. Меѓутоа, застојот во активноста на Собранието на РМ преку летото придонесе нивното разгледување и донесување да биде одложено за следниот период.

- Амбицијата, упорноста и успешниот почеток се половина од успехот, но за втората половина потребно е повеќе вложен труд.

# Фискална и монетарна политика

- Пристапено е кон вршење на бројни промени со цел даночниот систем да се претвори во промотор на економскиот развој на земјата.

- Преземени се мерки за административно-техничко зајакнување на Управата за јавни приходи, како и мерки за поддршка на монетарната политика која е во исклучива надлежност на НБРМ.

- Во овој временски период се забележани резултати и во подобрување на финансиската контрола во институциите на државата

# Трговска, индустриска и инвестициска политика

- Стапи во сила нова ЦЕФТА 2006 и се очекува слободна зона со Косово-УНМИК декември 2007.

- Во делот на индустриската политика се започна со изработка на генералните стратешки документи и на секторските стратешки документи.

- Некои од нив се сѐ уште во фаза на подготовка (Национална стратегија за одржлив развој, Стратегија за рамномерен регионален развој, Стратегија за индистриска политика) кои треба да се донесат до крајот на 2007 година.

# Финансиски и пензиски систем

- Министерството за финансии има изготвено голем број од законите од секторот за финансиски систем кои беа предвидени со програмата.

- Законот за банки кој е усвоен од Собранието на Република Македонија на 21 мај 2007 година.

- Со неговото донесување се постигнаа неколку цели меѓудругото и либерализирање на пазарот преку овозможување влез на странски банки, вклучително и банки од ЕУ, преку филијали.

- Во март 2007 година беше донесен и Законот за изменување и дополнување на законот за инвестициони фондови.

- Со овие измени се изврши битна промена која е направена со овој закон- давањето на можност за основање на нов вид на инвестициони фондови, поточно приватни фондови.

## Пензиски систем

- Заокружување на реформата  со имплементацијата на Законот на доброволно капитално пензиско осигурување (т.к.н Трет Столб).

- Се работи и на намалување на надоместокот за сервисирање од страна на пензиските друштва.

# Економија на знаење

- Воведена е институцијата Министер без ресор за развој на информатичко општество.
- Незначително е зголемен е буџетот за научно-истражувачки проекти, иако е потребно значително поголемо зголемување во иднина.
- Отпочнати се повеќе активности за воведување на „Образование низ целиот живот“, преквалификација и доквалификација.
- Во подготовка се масовните обуки за работа со компјутери.
- Потребно е забрзување на активностите и проектирање на повеќе програми за научно-технолошки развој.
- Неопходно е систематско работење за привлекување на средства од фондовите на ЕУ за технолошки развој.
- Област на потенцијални проблеми се транспарентноста при издавањето на новите тендери, како за WiMax и недоволното планирање на проектите како „Образование низ цел живот“

# Образование

- Се иницирани или спроведени активности во сите области и во сите конкретни образовни прашања назначени во програмата за Преродба во 100 чекори.

- Се спроведуваат активности и мерки кои беа посочени како слабост во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на  РМ во патот кон европската интеграција во однос на образованието.

- Главните постигања се во областа на:
  - o законската иницијатива (задолжително средно образование),
  - o инвестициите (компјутеризација на училиштата, реновирање на студентските домови, бесплатни учебници, итн.) и
  - o внесувањето некои новитети во образованието (на пример воведување веронаука/религиско образование).

# Млади и спорт

- Инвестирањето во изградбата на спортски објекти kako еден од главните резултати на Владата на РМ во областа на спортот

- Спортот поинтензивно се промовира, формирани се државни училишни спортски лиги, помогната беше Специјалната Олимпијада, почнати се активности за борба против допингот, итн.

- Изработена е Предлог Програма за развој на спортот во Република Македонија во периодот од 2007 до 2012 година.

- Отворен е нов прес центар, каде во иднина ќе се одржуваат прес конференции, не само за потребите на АМС, туку и за спортските федерации и клубови.

- Измените на Законот за спорт се однесуваат на разграничувањето што е професионален, а што аматерски спорт, како и статусот на соодветните спортисти.

# Земјоделство

- Со ребалансот на буџетот за 2006 година Владата на РМ обезбеди дополнителни средства за развој на земјоделството, кои средства претставуваат зголемување на поддршката за околу 120%.

- Отпочната работата на основање на компании за промоција и откуп на земјоделски производи; направен е механизам за формулирање на земјишни политики и за развој на пазарите на недвижности.

- Остварени се активности за подобрување на условите за кредитирање, итн.

- Се работи на подобрување на системот за наводнување и контрола на поплавите.

- Се уште недонесената Стратегија за развој на земјоделството и од друга страна законот за земјоделство и рурален развој претставуваат пречка за остварување на реформите во секторот.

# Надворешни работи

- Приближувањето кон НАТО се одвива континуирано и има значителен прогрес во односите со САД и ЕУ со оглед на фактот дека во овој временски период е забележан значително интензивирање на комуникацијата и координацијата со Вашингтон и Брисел.
- Со сите преземени активности во овој временски период РМ продолжува да остане и понатаму сериозен кандидат за добивање на покана за членство во НАТО во 2008 година.
- Реформите потребни за започнување на преговори за членство во Европската Унија се спроведуваат со предвидената динамика.
- Парафиран е договор за визно олеснување со ЕУ, а успешно се остваруваат условите за целосна либерализација во оваа област.
- Стапен на сила Законот за надворешни работи.
- Се уште нема отворени нови дипломатско-конзуларни претставништва.
- Промоцијата на економските интереси, културните, уметничките, научните и спортските достигнувања, во странство, како и создавањето на обучена и високопрофесионална дипломатија не се одвиваат доволно брзо.

# Внатрешни работи и правда

- Значителни напори за реализирање на предвидените програмски реформи за успешна интеграција кон евро – атланските интеграции.

- Донесен е Законот за полиција кој преставува основа за структурални реформи во МВР.

- Следи постапката, период од 12 месеци на носење  подазконските акти кои произлегуваат од него со што ќе се обезбеди неговата імпламентација.

- Со  донесување на Законот за изменување и дополнување  на Законот за личната карта и Законот за изменување и дополнување  на Законот за патната исправа се овозможи имплементацијата на процедурите за издавање лични документи усогласени според регулативите на ЕУ и стандардите на ISO и ICAO.

# Внатрешни работи и правда

- Значителни резулати во борбата против организираниот криминал и корупцијата.
- Преземени се бројни активности во борбата против организираниот криминалитет и корупцијата што резултираше со многубројни кривични пријави до Јавното обвинителство и донесени пресуди во првостепена постапка,
- Во овој временски период е потпишан хоринзонтален договор за реадмисија со ЕУ што беше еден од предуловите за започнатите преговори за олеснување на визниот режим со земјите од ЕУ.
- Со нови законски решенија се прават обиди за подигање на безбедносната култура во безбедноста на сообраќајот, за прекршоците против јавниот ред и мир е заострена репресивната политика и се прават напори судовите да се растоварат од преобемноста на прекршочните постапки.

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

# Внатрешни работи и правда

- Во споредба со секторот на внатрешните работи, реформите во судството одат многу побавно.

- Реформите на Републичкиот судски совет се спроведени само парцијално и понатаму треба да се вложат дополнителни напори во оваа насока со оглед на тоа дека Советот претставува основа за понатамошните реформи во судскиот систем да се комплетира.

# Здравство

- Изработената нацрт верзија на Законот за права на пациентите е значаен чекор напред во прецизирање на одговорностите и меѓусебните обврски помеѓу медицинскиот персонал и пациентите, заштитувајќи ги правата на пациентите преку начелата на хуманост и достапност на здравствените услуги.

- Во рамки на Министерство за здравство формирано е Одделение за анализа на политики кое има задача да ги следи релевантните здравствени индикатори, да врши проценка на влијанието на имплементацијата на политиките и реформите и да направи преглед на финансиската состојба на системот.

# Здравство

- Организираната обука за лидери и менаџери во здравствениот сектор е битен чекор бидејќи е неопходен за успешно и стручно раководење со здравствените институции.

- Преземени и активности за јасно дефинирање на пакетот на здравствени услуги предмет на здравствено осигурување.

- Во рамките на овој реформски период во македонското здравство е приватизирана примарната здравствена заштита.

- Се работи на децентрализација и автономија на болниците, што е планирано да се постигне до 2008 година.

# Транспорт и врски

- Отпочнати се најголем дел од активностите кои беа предвидени во рамките на изборните ветувања, со цел да им овозможи на граѓаните на РМ поприфатливи и поквалитетни услуги.

- Преземени градежни зафати за санација на мостовите на автопатот М-1 (Е-75), во Македонија; дадена е концесија на трет мобилен оператор; воведено е транспарентно доделување на ЦЕМТ дозволи со помош на УСАИД, итн.

- Преземени се активности за измени и дополнувања кои во програмата треба да стапат на сила до септември 2007.

- Отпочнати се активности за подобрување на работата на Јавното претпријатие за аеродромски услуги.

# Општи препораки

- Владата на РМ треба да продолжи интензивно со драстични промени кон подобро во сите области кои се посочени во Програмата за работа на Владата 2006-2010 истотака и во идните месеци.

- Во никој случај не треба да остане самозадоволена само со почетокот на иницијативите за имплементација на започнатите реформи.

- Оваа промена мора да биде таква што поширокта популација ќе ги почувствува позитивните ефекти што поскоро.

- Ова е неопходно за Владата да може да го зацврстне својот кредибилитет и авторитет помеѓу народот, и уште побитно, во јавната администрација.

# Општи препораки

- Владата на РМ треба да продолжи со вршење на бројни промени и внесување повеќе новини во даночната сфера за да не се случи токму даночната сфера да стане кочница на економската активност и пречка за остварување на нејзината основна програмска задача.

- Потенцијални проблеми од новите мерки на фискалната политика можат да настанат ако постои недоволна/неконзистентна даночна инспекција.

- Со цел да се испречи да дел од претпријатијата да ги злоупотребуваат новите поволности на фискалната политика потребно е вршење засилена даночна инспекција.

- Потенцијални проблеми во областа на трговската, индустриската и инвестициската политика може да настанат ако не се изгради посилен капацитет за имплементирање на правата за реагирање со трговски заштитни мерки и анти-дампинг и компензаторни давачки и ако формулирањето на Стратегијата за индустриска политика на Република Македонија не се спроведе сериозно и со вклученост на сите “*стејкхолдери*”.

# Општи препораки

- На Македонија и е потребна стратегија за развој на информатичко општество и програма на Министерот за информатичко општество.Но тоа не е доволно. За таа цел неопходно е и: драстично зголемување на буџетските средства за наука, развој и истражувања; максимално користење на know-how од странство преку УСАИД, ЕАР, ГТЗ, итн. ; да се даде сеопфатна поддршка на широкото воведување во практика на електронскиот потпис.

- Можат да се јават потенцијални проблеми во сферата на образованието доколку не се покаже квалитетен менаџмент со преземените иницијативи.

- Владата треба и понатаму да продолжи со интерес и да инвестира во спортот со оглед на тоа што спортот и физичката култура се од голема важност за Македонија.

- Потенцијални проблеми во областа на земјоделството можат да настанат во идните фази на имплементација со оглед на бројот, сложеноста и обемноста на преземените и планираните активности.

- За успех, клучни ќе бидат менаџерските способности и соодветната организација, координација и контрола.

# Општи препораки

- Поголемо внимание во идниот период би требало да се посвети на стабилизација на политичките процеси, хармонизација на институционалните и меѓупартиските односи во политичкиот систем, како и на подобрување на односите со некои од соседните држави.

- Активностите во областа на надворешните работи се до одреден степен оптоварени со несинхронизираните односи на Владата со Претседателот на РМ, кој според Уставот има надлежности во оваа област.

- Подобрувањето на кохабитацијата е неопходно со цел да се хармонизира надворешната политика, како и завршувањето на реформите во правосудството.

- Треба да се продолжи и понатаму со интезивираната комуникација и координација со САД, ЕУ и НАТО како битен чекор кон приближување кон ЕУ и НАТО структурите, како и со неколебеното партнерство во борбата против тероризмот.

- Решавањето на проблемот на нефункционирањето на Републичкиот судски совет во целосен состав ќе овозможи напредок во усогласувањето на правниот систем на Република Македонија со оној на ЕУ и ќе го забрза процесот на реформите.

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

## Општи препораки

- Владата треба да продолжи да функционира по принципот на “нулта толеранција” кон корупцијата и борба против организираниот криминалитет, по притоа да се избегне колку што е можно спектакуларното апсење и звучните кампањи во средставата за јавно информирање.

- Во активности во борбата против организираниот криминалитет и корупцијата Владата не треба да дозволи да се инфилтрираат политичките мотиви во рамките на меѓупартиската пресметка.

- Министерството за внатрешни работи да изнајде механизми за проширување на своите капацитети за подобри функционирање на системот за издавање на новата патна исправа и да направи дополнителни напори во изнаоѓање на механизмите за скратување на времетраењето на постапката за кое граѓанинот на РМ ја добиваат исправа и да се најде решение за долгото чекање пред шалтерите при поднесување на потребните документи.

# Општи препораки

- Во областа на транспорт и врски треба да се обезбедат доволно средства за ставките од Годишната програма на Фондот за патишта, „проектирање и изработка на студии“ и „одржување на магистралните и регионалните патишта“.

- Со оглед на тоа дека децентрализацијата му овозможува на Министерството за здравство огромна шанса за структурирање и поставување на идните линкови меѓу општините и ново-приватизираните лекари во ПЗЗ, владата т.е. министерството за здравство треба да биде максимално претпазливо и непристрасно при имплементацијата на овој транфер на одговорностите.

- И покрај значителните резултати, во областа на здравство и здравствена политика останува да се работи уште многу, да се отпочнат и/или завршат зацртаните активности за обезбедување на здравствен систем по потребите на граѓаните на РМ.